НОВА МАКЕДОНИЈА
ПРВИОТ МАКЕДОНСКИ ДНЕВЕН ВЕСНИК









# Зимбакова со посвета на Силвија Плат во Белфаст

***Дневен весник (Ед. бр. 24190)***

## ЛИКОВНА УМЕТНОСТ

09.11.2017 12:40

Самостојна изложба на Кристина Зимбакова со наслов „Песни, куфери“ ќе биде отворена од 9 до 12 ноември во центарот за уметност „Метрополитен“ во Белфаст, Северна Ирска, Обединето Кралство. Изложбата ќе се одржи истовремено со светската конференција за Силвија Плат, насловена „Писма, зборови, фрагменти“, која ќе го одбележи објавувањето на „Писмата на Силвија Плат“, том 1. Организирана е од Факултетот за уметност при универзитетот „Алстер“ во Белфаст. Инсталацијата „Песни куфери“ е поттикната од творештвото на оваа влијателна американска поетеса.

Се состои од скулптура-куфер и деветнаесет цртежи изработени во комбинирана техника. Цртежите се олицетворение на таинствените пратки од распакуваниот куфер на поезијата, и секој од нив содржи натписи со наслови од истакнати песни од Плат или клучни концепти во нејзиното творештво, а нивниот редослед создава приказна. Во тон со песната „Габи“ испишана на скулптурата, текстот во цртежите е сочинет од лишаи, што претставуваат симбиоза меѓу две габи и алга или цијанобактерија. Завршните стихови од истоимената песна, „Ние до утрината/ќе ја наследиме земјата./Веќе сме на прагот“, носат суштинска порака што е и мото на оваа поставка: чудесната моќ на поезијата преку габите како симбол за песните.

Според Мејв О’Брајан, кураторка на изложбата, особено задоволство е што делата на Кристина Зимбакова ќе бидат поставени за време на конференцијата за Силвија Плат во Белфаст.
- Факултетот за уметност при универзитетот „Алстер“ има долга историја и углед, а уметноста на Зимбакова е одраз на експерименталноста и имагинативноста како основни вредности што ги негува нашата установа. Самата инсталација е фасцинантна - вистинско филозофско размислување за творештвото на Плат изразено на креативен начин. Главниот елемент на инсталацијата - куферот по кој и е насловена поставката, е загадочен и нè потсетува на зборовите на Плат како и на јароста и деструктивноста преточени во нејзината поезија. Цртежите на Зимбакова се префинети, поетични и чудесни, покажувајќи ги нејзините исклучителни вредности како уметник и жарот во нејзините слики. Чест ни е што дела со ваков квалитет и страст се изложени во Белфаст, и се надевам дека ова ќе биде прва од мноштвото креативни соработки меѓу Ирска и Македонија преку универзитетот „Алстер“ - вели О’Брајан.

Оваа е прва самостојна изложба на Кристина Зимбакова во странство, а досега имала седум самостојни изложби во земјава. Има учествувано на голем број меѓународни групни изложби, од кои позначајни се оние во Музејот за уметност „Ешкенази“ во Блумингтон, САД, и Оксфордскиот театар во Англија. Таа негува интердисциплинарен пристап кон уметноста, спојувајќи ги сликарството, поезијата и природните науки, а габите и лишаите се најкарактеристичен медиум за нејзиното творештво.

**В.Д.**

**------------------------------------------------------------------------------------------**

**Link:**
http://novamakedonija.com.mk/NewsDetail?title=%D0%97%D0%B8%D0%BC%D0%B1%D0%B0%D0%BA%D0%BE%D0%B2%D0%B0-%D1%81%D0%BE-%D0%BF%D0%BE%D1%81%D0%B2%D0%B5%D1%82%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%A1%D0%B8%D0%BB%D0%B2%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%9F%D0%BB%D0%B0%D1%82-%D0%B2%D0%BE-%D0%91%D0%B5%D0%BB%D1%84%D0%B0%D1%81%D1%82-&id=82dd2daa-51c1-4cb3-a7d9-8db02923e411